**Комуникацијата од Европската комисија до Европскиот парламент, Европскиот совет, Европскиот совет за економски и социјални работи и Советот на регионите, Националните стратегии за интеграција на Ромите: прв чекор кон имплементација на Платформата на Европската унија од 21 мај 2012 година** утврдува конкретни насоки на дејствување за секоја одделна област од интерес за интеграцијата на Ромите. Така, за прашања од областа на образованието, Комисијата ги насочува земјите-членки да работат на елиминација на сегрегацијата во училиштата, преиспитување на одлуките за упатување на голем број деца Роми во училишта за деца со посебни потреби, промоција на програмите за стручно образование, зголемување на бројот на запишани деца во центрите за предучилишна возраст, зголемување на обуките за вработениот наставен кадар, како и зголемување на свеста на родителите за важноста на образованието. Во областа на вработувањето, пак, Комисијата препорачува земјите-членки да утврдат мерки за поддршка на првото вработување на Ромите, да ги елиминираат бариерите и дискриминацијата, особено за жените Ромки и да обезбедат поголема поддршка за програмите за самовработување. Во областа на здравствената заштита, на земјите-членки им се советува да го подобрат пристапот на Ромите до основните, итните и специјалистичките здравствени услуги, да ја подигнат свеста за потребата од редовни медицински проверки, планирање на семејството и неопходноста од имунизација. Европската комисија повикува и на подобрување на условите за живеење и преземање мерки за социо – економски услови, а ја истакнува и неопходноста од регистрирање на Ромите во евиденциите на надлежните институции.

**Во комуникацијата до Европскиот парламент, Европскиот совет, Европскиот совет за економски и социјални работи и Советот на регионите, Чекори кон имплементација на Националната стратегија за интеграција на Ромите од 26 јуни 2013 година**,Европската комисија известува дека континуирано ги следи активностите на земјите-членки за имплементација на националните стратегии за интеграција на Ромите. Комисијата заклучува дека најголемиот број на земјите-членки треба да го

подобрат процесот на креирање, имплементација и евалуација на политиките преку вклучување на локалната власт. На земјите-кандидати за членство во Европската унија, Комисијата им препорачува да најдат доволно средства за имплементација на политиките за интеграција на Ромите.

## Политики за Ромите на национално ниво

Насочени политики за Ромите во Северна Македонија првпат се појавуваат во 2004 година, со донесувањето на национална стратегија за Ромите (Министерство за труд и социјална политика, 2005). Таа стратегија е надополнета со НАП-ови, а во некои општини и со ЛАП-ови. Во следните десет години, стратегијата и НАП-овите беа заменети, како и некои ЛАП-ови. Во 2009 година, меѓу општините и централната власт беа воведени Меморандуми за соработка како дополнителен механизам за таргетирање на Ромите на локално ниво.

Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 беше усвоена во 2014 година со цел да ја замени Стратегијата усвоена во 2004 година, а се темели на потребата од континуирани напори за подобрување на интеграцијата на Ромите, и покрај одредениот напредок во последниве години. Визијата врз која е основана Стратегијата е дека „Ромите во Република Македонија вклучени во општествени текови имаат зголемени можности за подобар живот“(Министерство за труд и социјална политика 2014: 31)

Суштинските делови од Стратегијата се структурирани околу пет области: култура, образование, вработување, здравство и домување. Се забележува неусогласеност на Стратегијата со Националните акциски планови во дефинирањето на приоритетните области, и покрај тоа што Европската комисија во своите извештаи за земјата потенцира дека е потребно ставање на поголем акцент и вклучување на жената Ромка во сите области, вклучувањето на жената Ромка не е дефинирана како посебна област во Стратегијата. Забелешките од Европската комисија сепак се земени предвид, при изработка на националните планови изработен е НАП за Зајакнување на положбата на ромската жена во општеството.

Актуелните Национални акциони планови (НАП) за Ромите беа усвоени во 2015 и 2016 година. Областите опфатени со НАП се образование, вработување, здравство, домување и дополнително областа вклучување на жената Ромка. Иако со Националната стратегија за Роми е опфатена и областа култура, нема изготвено Национален акциски план за оваа област. Вкупниот број мерки вклучени во НАП широко варира (од 17 мерки во НАП за домување до 32 мерки во НАП за образование), сите пет се подготвени според заеднички шаблон и тоа овозможува релативно лесно да се види како различните НАП-ови се однесуваат еден кон друг.

Уште една позитивна карактеристика на НАП-овите е вклучувањето податоци за појдовна состојба, со што ефективно ги поставува темелите за мерење на напредокот кон целите. Од друга страна, само во НАПовите за домување и вклучување на жената Ромка се вклучени специфични временски рамки за реализација на планираните активности.Имплементацијата на Националните акциски планови од 2015-2016 година, откако се усвоени, сè уште тешко се спроведува. Главно, тоа се должи на предвидените финансиски средства, т.е. немање средства за имплементација на предвидените активности според НАП-овите, нивната целокупна реализација зависи од донаторски средства. Имено, усогласувањето на предвидените програмите на задолжените министерства со НАПовите, односно усогласување на НАП-овите со програмите на министерствата е една од клучните предуслови за нивна имплементација

| **НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН** | **СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ** | **РЕЗУЛТАТИ** |
|---|---|---|
| **ЗДРАВСТВО** | Продолжување на животниот век кај Ромите до 2020 година, согласно Националниот акционен план за здравство 2015-2020 година. | 1. Подобрен пристап за Ромите до интегрирани, квалитетни, превентивни и куративни здравствени услуги.<br><br>2. Намалени ризици и превенирани болести поврзани со стапката на морталитет кај Ромите, чијашто појава е покарактеристична кај ромската популација.<br><br>3. Спречување на дискриминацијата врз Ромите во пристапот до здравствените услуги. |
| **ДОМУВАЊЕ** | Намалување на јазот во однос на квалитетот на домување помеѓу ромските и неромските заедници | 1.Обезбедено социјално домување за ромските семејства од социјално ранливите категории.<br><br>2. Подобрени услови за живеење на ромските семејства преку изработка и спроведување програми за интегрирана урбана регенерација и спречување |

| | | |
|---|---|---|
| | | на штетните услови за живеење.<br><br>3. Обезбедено системско регистрирање во Катастар на имотот и земјата во сопственост на Ромите. |
| **ОБРАЗОВАНИЕ** | Подобрена е образовната структура кај ромската заедница, особено кај девојчињата и жената Ромка | 1. Подобрен пристап и успешно комплетирање на предучилишното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња.<br><br>2. Подобрен пристап и успешно комплетирање на основното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња.<br><br>3. Подобрен пристап и успешно комплетирање на средното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња.<br><br>4. Зголемен пристап и успешно комплетирање на високото образование на Ромите, особено на ромските девојчиња.<br><br>5. Зголемен бројот на возрасни Роми кои го комплетирале основното и средното образование.<br><br>6. Намален бројот на ученици Роми во основните и во средните специјални училишта во Р. Македонија |
| **ВРАБОТУВАЊЕ** | Зголемени можности за вработување на Ромите на достоинствени работни | 1. Подобрен пристап за Ромите до владините програми за вработување до 2020 година, особено за |

| | | |
|---|---|---|
| | места | Ромките<br><br>2. Повисок приход и одржливи вработувања за Ромите до 2020 година, особено за Ромките. |
| **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА РОМСКАТА ЖЕНА ВО ОПШТЕСТВОТО** | Жените и девојчињата од ромската заедница ги уживаат човековите права ослободени од родова нееднаквост и дискриминација | 1. Зголемен пристап на Ромките до средства и можности за нивен развој и учество во економскиот, социјалниот и културниот живот.<br><br>2. Намалено ниво на семејно насилство врз жените.<br><br>3. Намалена преваленца на бракови/заедници помеѓу и со малолетници и нивното влијание врз образованието, здравјето и родовата улога. |

## Приоритетни социо-економски области на делување – услови, стратегиски определби и предизвици

### Вработување

Состојбата со вработеноста на Ромите останува еден од најзагрижувачките фактори што го попречуваат нивното целосно вклучување во општеството. Иако има мали подобрувања во стапките на вработеност и активност на Ромите, тие сé уште имаат невработеност која е речиси двојно поголема во однос на националноиот просек, а дури и повисока меѓу ромските жени. Во поглед на ова, може да се види напредок во областа на вработувањата во јавниот сектор, каде што е постигнато зголемување од 0,33% во 2005 година на 2,56% во 2012 година4. Во рамки на транзицијата во земјите во регионот, вклучително и во Република Македонија, значителен број на Роми ги изгубиле своите работни места и реално имаат најмалку шанси за пронаоѓање на нови. Главниот проблем го лоцира во тешкотијата тие да пристапат и повторно да влезат во пазарот на трудот. Во принцип Ромите живеат „од денес за утре“ со заработените средства, без да се плаќаат продонеси кои би ги вклучиле во легалните текови на државата и би им загарантирале извесни права. Оваа слика се надополнува и со социјалната „заштитна мрежа“ која ги покрива најминималните потреби на оние кои ја примаат, стимулирајќи го истовременото работење во сивата економија. На тој начин корисниците на помош се стекнуваат со психологија на зависност од социјалните бенефиции, што го отежнува повторното влегување во регулираниот пазар на трудот. Ниското ниво на образование и дисктиминцијата се најчесто идентификувани фактори кои придонесуваат за неповолната состојба на Ромите. Во суштина, овие два фактори меѓусебно се многу поврзани. Дискриминацијата, или погенерално, неможноста целосно да се искористат потенцијалните придобивки кои потекнуваат од нивоата на образование на пазарот на трудот делуваат како демотивирачки фактор за инвестирање во образованието. И покрај тоа што степенот на образование е понизок кај Ромите, тоа не е доволна причина за да ја објасни значителната разлика во нивото на личниот доход кај оваа малцинска група и останатото население. Дел од оваа обесправеност може да се објасни со дискриминацијата: и професионалната сегрегација, но и диспропорционалната вклученост на Ромите во неформалната економија. Според тоа, потребно е да се заземе холистички пристап за соочување со двата фактори кои го 16 попречуваат интегрирањето на Ромите на пазарот на трудот. Тоа значи дека е потребно да се делува за да се надминат разликите во образованието и дискриминацијата. Ниското ниво на образование детерминира најголемиот дел од Ромите да ги работат најниските и најслабо платените работи, кои се обично физички

---

4Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014 - 2020

работи кои во моментот тешко се добиваат, бидејќи понудата на работната сила е голема

## Образование

Сегашната ситуација со генералното образовно ниво на Ромите е незадоволителна. Иако завршувањето на основното и средното образование се законска обврска, сепак забележителни се отстапувањата. Неписменоста или нискиот степен на образование кај оваа категорија население, продолжуваат да ја форсираат спиралата на сиромаштијата, а со тоа и врзаната висока стапка на невработеност.

Како битен сегмент во оваа анлиза е и финансирањето на образованието кое најмногу се однесува на ромската популација. Така, предучилишното образование кое е задолжително и доколку се споредат фиксните стапки на пратиципацијата во трошоците кои се исклучително високи со приходите на многу ромски семејства, може да потврдиме дека таквата споредба доведува до ниска стапка на упис на ромски деца. Од друга страна иако основното и средното образование во државните иституции се бесплатни за сите ученици, сепак реалните трошоци(трошоци за школски прибор и материјал, спортска опрема, екскурзии како школска активност и сл.) поврзани со образованието го отежнуваат редовното посетување на училиште за многу деца од различни групи, а меѓу најзагрозените се секако учениците Роми. Исто така, проактивни политики недостасуваат и во сферата на високото образование во Република Македонија каде што помошта во студирањето на Ромите во најголема мера е препуштено на финансирањето од страна на меѓународни донатори. Дополнително на веќе споменатите бариери со кои се соочува ромското население, постојат и други потешкотии кои негативно се одразуваат на нивото на образование, како на пример: ниска стапка на запишување во училиштата и вклученост во образовните процеси, висока стапка на напуштање на образџовниот процес, низок квалитет на образованието, како и негативни ефекти на сегрегација на образованието. Според тоа, една од клучните стратегиски определби е да се подигне нивото на образованието на ромската заедница

## Домување

Неоспорно е дека домувањето претставува основна егзистенцијална човекова потреба која, со својата приоритетност, се наметнува како еден од поважните животни проблеми. Домувањето ги исполнува физичката потреба за создавање безбедност и засолниште од времето и климатските услови, психолошката потреба за создавање чувство на личен простор и приватност, но и социјалната потреба за заеднички простор на семејството. Преку (не)решавањето на проблемот на домување на секое лице, се олеснуваат или се усложнуваат и голем број други животни прашања кои се директно или индиректно врзани со него (социјални, економски, социолошки, психолошки, политички, просторно- плански, правни и сл.). Од друга страна, правото на домување е универзално човеково право кое е признато на меѓународно ниво во над сто национални устави во светот. Суштината на остварувањето на правото на домување е хуманистичкото сознание дека човечкиот живот е повеќе од гола егзистенција, односно дека подразбира и соодветно домување кое задоволува одредени стандарди.

Право на секој маж, жена, млада личност и дете, е безбеден дом и заедница, како дел од предусловите за мирен и достоинствен живот. Истражувањата покажуаат дека најголем број на Роми во Македонија живеат во урбани населби (95%), при што, побројно се концентрирани во посиромашните реони (гета) или во субурбани области. Општа констатација е дека условите во кои тие живеат се мошне лоши, често под нивото на прокламираните стандарди на соодветно домување и постојано се перпетуираат. Често се работи за долгорочно населени населби со нејасен сопственички статус надвор од урбаното планирање, немаат основна инфраструктура и услугите на државниот систем се тешко достапни. Според некои проценки, околу 70% од Ромите5, немаат документи за сопственост на нивното живеалиште. Се наметнува прашањето на поглобално решавање на овие состојби, посебно ако се земе превид фактот дека Ромите во Република Македонија не живеат номадски, што значи дека на локациите на кои се населиле живеат веќе подолго време.

## Здравство

Како последица на неповолните социјално-економски услови на живеење, отежнатиот пристап до услугите за здравствена заштита и нивниот квалитет, како и отежнатиот пристап до правда, особено во однос на правата на здравствена заштита, во споредба со мнозинската популација, Ромите во Република Македонија, имаат неповолен здравствен статус и покус животен век. Нееднаквиот третман во пристапот до здравствената заштита резултира со дискриминација, злоупотреба и прекршување на основните човекови права на ромската популација, која поради недостаток на поддршка, финансиска несигурност, недоволно познавање на правните механизми за заштита, се откажуваат од поведување на судски постапки и барање на одговорност од надлежните страни. На овој начин, се придонесува кон општо прифаќање на прекршувањето на здравствените права како нормална појава, а пристапот на Ромите до основните здравствени услуги континуирано покажува потреба од подобрување. И покрај тоа што Законот за здравствена заштита беше ревидиран во 2009 со цел да се обезбеди подеднаква здравствена заштита за сите граѓани, одредени промени кои беа направени претставуваат пречка за Ромите кон остварување на нивната здравствена заштита, особено за оние Роми кои живеат во сиромашни средини и во привремени домови. Честите промени во законската регулатива, неунифицираната практика за нивната имплементација и несоодветното и ненавремено информирање на Ромите за промените, како и комплексните административни постапки кои бараат дополнителна документација, се само дел од проблемите кои го отежнуваат процесот на здравствена заштита кај Ромите.

## Култура

Културниот израз и делување на ромската популација многу пати во минатото се покажале како моќен и успешен репрезент на нивното живеење и автохтона култура на овие простори. Промоцијата на културата може да се перцепира како инструмент за афирмирање на идентитетот на ромската заедница, но и како инструмент за промоција на интеретничката комуникација и интеграција на Ромите во општеството.

5Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014 - 2020

Најчесто, познавањето на различните кулурни вредности и традицијата на различните етнички заедници (особено на другите заедници во однос на сопствената), како дел од нивниот културен идентитет, во мултиетничките заедници претставувало силен афирмативен фактор за социјалната инклузија и интеграција на поединците и етничките заедници во општеството. Неспорно е дека степенот на познавањето на различноста, културата и традициите пропорционално придонесува за превенцијата и намалувањето на предрасудите и стереотипите кон сожителите кои се од другите етнички заедници независно од тоа дали тие се мнозински или малцински. На културата треба да се гледа и како на фактор за понатамошна еманципација на ромската заедница, и затоа таа треба да биде во согласност со напорите кои се прават во образовниот систем. Културната димензија е нераскинливо поврзана и со употребата на мајчиниот јазик, која наоѓа своја примена во доменот на образованието. Воедно, преку планиран и системски развој и промоција на ромската култура, се остварува и се 26 поголема партиципација и интеграција на Ромите во главните текови на македонското општество.

## Терински показатели за социо – економските услови на Роми и други маргинализирани групи(Анекс 1)

Неоспорно е дека многу Роми живеат во посебни, де факто сегрегирани населби основани во областите надвор од територијата опфатена со деталните урбанистички планови на соодветните општини. Во Република Македонија недостига мапирање на ромските населби што не се опфатени со ДУП-овите, последователно на тоа мора да се спомене Законот за просторно и урбанистичко планирање, што ги регулира (меѓу другото) приспособувањето на деталните урбанистички планови во општините каде што има ромски населби. Ромите често живеат во населби што се состојат од нелегални живеалишта, што, според Законот за нелегална градба, се предмет на уривање доколку не ги исполнуваат условите за легализација.

Несоодветното и супстандардно домување е карактеристично за повеќето општини населени со Роми. Многу од нивните станбени предизвици се поврзани со тешкотии за добивање права од одговорните институции. Искуствата од теренот покажуваат дека Ромите најчесто живеат во гетоизирани населби со слаба инфраструктура и супстандардни услови, што дополнително придонесуваат кон социјалната исклученост. Жителите на ромските населби во голем број случаи имаат проблем со документацијата, односно немање документи за сопственост на градбите/земјата каде што живеат. Со цел овозможување на ромското население да може да ги користи придобивките од Законот за легализација на дивоградби од 2011 година, ромските информативни центри и ромските невладини организации, на локално ниво, почнаа активности за поддршка во обезбедувањето и поднесувањето документи за легализација до локалните самоуправи. Дополнително, надоместоците за геодетските елаборати потребни за барања за легализација се укинаа за корисници на социјална помош (без оглед на етничката припадност).

## Методологија

Оваа програма ги користи општите дефиниции за легализација, неформални населби и други поврзани прашања со Ромите во општина Кичево.

Легализација: се однесува на законско регулирање на одделни згради или цели населени места што локалните власти ги сметаат за „незаконски“. Крајната цел на легализацијата е да се вклучат овие структури во социјалното, економското и физичкото (инфраструктурно и услужно) ткиво на околниот град и општество. Незаконитоста на домовите е резултат на градежни активности што биле извршени без усогласување со локалните стандарди или кодови за градење. Легализацијата на сопственоста на земјиштето е многу посложена и вклучува разјаснување на сопственоста, без разлика дали земјиштето е зафатено со или без одобрение од оригиналните сопственици, враќање на земјиштето на сопствениците пред воведувањето на социјалистички систем, вклучително и компензација во случаи кога не е возможно враќање и конфузијата предизвикана од широко распространетата приватизација на земјиштето и домувањето

## Методологија на истражување

Истражувањето спроведено за оваа програма опфаќаше три главни методолошки пристапи, имено:

1) квалитативно истражување и секундарно собирање податоци извршени пред и по теренската работа;

2) примарно собирање податоци за време на теренска работа; и

3) анализа на проблемите со домувањето и добрите практики на учење, извршени во текот на целиот процес.

→**Квалитативното истражување и секундарно прибирање податоци**: Истражувањето на општата состојба со Ромите беше спроведено за меѓународната и европската

политика и правните рамки за интеграција на Ромите од перспектива на социо – економските услови на Ромите на Северна Македонија и на општинско ниво, како и за добрите практики на учење во други земји во Европа. Пред работата на терен, беа собрани секундарни податоци за тековните демографски, социо-економски и услови за домување на Ромите во Кичево. Ова исто така опфати истражување на постојната политика и законска рамка за легализација, надградба на населби и социјални станови и резиме на стратегии за интеграција на Ромите (проекти и програми) насочени кон условите за домување и населување на Ромите Кичево.

→ **Работа на терен**: Извештајот се заснова на теренски посети, извршени во општина Кичево. Работата на терен вклучуваше бројни различни активности. Тие се сумираат како: Средби со клучните засегнати страни во креирањето политики, техничката имплементација на легализацијата и надградбата на ромските населби и социјалното домување, вклучително и претставници на Ромите и ромски невладини организации; Посети на локации на претходно идентификувани места кои се во фаза на легализација и надградба на ромските населби и живеалишта и / или обезбедување нанови социо – економски услови; Фокус-група дискусија со ромски невладини организации за условите на ромски населби и живеалишта, нивните проблеми и преиоритети во општина Кичево.

→ **Анализа на социо економската состојба во регионот**: ситуацијата со социо економската состојба беше оценета со помош на методологија за анализа за подобро разбирање на сложената поврзаност на причините и ефектите на различните проблеми што влијаат на ромското население во регионот од перспектива на легализација, надградба на населби и други поврзани прашања, како (не) плаќање на сметки, не постоење на основни услови за живот (пристап до струја, вода, канализација, итн. Неколку прашања што влијаат на условите за домување на Ромите беа идентификувани и подетално истражени за време на теренските посети. Анализата обезбеди основа за проценка на практики на подобрување на интеграција на Ромите во Кичево.

→ **Опсег и ограничувања на истражувањето**

Работата на теренот се одвиваше во април 2021 година, а програмата беше подготвена во периодот мај и јуни 2021 година. Опсегот на задачата беше да ги идентификува, опише и анализира добрите практики на учење за интеграција на Ромите од перспектива на легализација, надградба на населби и социјално домување , и следните лекции научени од ваквите практики. Повеќето добри практики на учење се изведени од терен и се повикуваат на добри практики на учење на друго место во слични или релевантни контексти. Првичното ограничување на програмата доаѓа од природата на доделувањето, што предвидува идентификување на „најдобрите практики“. Бидејќи беше прилично предизвик да се најдат експлицитни добри практики во Северна Македонија, програмата го користи терминот „добри практики на учење“, што во суштина е неутрален, не подразбира „најдобро“ или „полошо“ како ограничувачки опишувачи на сложената тема. Ова беше направено од две главни причини: прво, да се прошири изборот на различни активности и иницијативи

насочени кон интеграција на Ромите во Кичево и, второ, да може да се извлечат практични препораки од научените лекции од практиките диретно на терен.

## Кои се најголемите проблеми поврзани со социо – економските услови на Ромите во Кичево?

Според неколку направени статистики во Општина Кичево се претпоставува дека има околу 1500-2000 роми. Колку изнесува точниот број на ромското население не може да се каже конкретно, бидејќи има многу граѓани кои не ги поседуваат потребните документи за нивното постоење и идентификација, исто така немаат легализација брз своите домови. Поседувањето на лични документи е основен предуслов за уживање и реализирање на сите права од доменот на секојдневното живеење, права од областа на здравството ( без здравствена книшка не може да се користи лекарски преглед), социјалната заштита ( Ромите се заедница која е со најголем процент на невработеност од низа причини, без основен личен документ не може да се оствари правото на користење на социјално финансиска помош) како и во доменот на образованието (без личен документ децата Роми не можат да имаат пристап до образование).

Во Општина Кичево постојат 7 ромски населби: Пашино, Скопска, Бела кула, Влашки пат, Прилепска,Мексико и Раштани. Голем дел од населението се во финансиски лоша состојба, се соочуваат со проблеми при домување и инфраструктура. Некои домаќинства живеат во домови кои се изградени од отпадни материјали со прозорци покриени со најлони и друго, несоодветни земјени или бетонски подови, немаат пристап до електрична енергија , пивка вода, тоалет со бања, канализација, пристап до различни апарати за домаќинство. Тие исто така се соочуваат со ранливоста на куќите во смисла на природни непогоди- како што се поплави, лизгање на земјиштето и други непогоди. Поголем број на домаќинства од населбата Прилепска известија дека имаат поплави, додека домаќинствата од населбата Скопска известиа дека имаат лизгање на земјиштата.

Најголем дел на проблеми со поплава и лизгање на земјиштето се случуваат во Прилепска и Скопска населба.

- Прилепска населба – (фамилии кои што живеат покрај река и често имаат проблем со поплави на своите домови):
- Населби Скопска, Мексико, Влашки пат - ( сиромашни семејства кои ја загубиле работата и живеат во тешки финансиски и социјални услови):

Табела 1: Процент на селектирани индикатори за социо економската состојба на Ромите во општина Кичево

| **Индикатори за домување** | |
|---|---|
| Процент на простории во домовите | 52.9 % (една просторија) |
| Средна вредност на м2 на просторот за живеење | 44% (0 – 40 м2)<br>36% (41 – 60 м2) |
| Статус на домовите според легализација – легално – нелагално изграден | 80.4% (нелегално изграден)<br>15.7% (легално изграден) |
| Процент на население без пристап до водоводна мрежа | 13.7% |
| Процент на население без пристап до канализациона мрежа | 15.7% |
| Процент на население без пристап до интернет | 29.4% |

| **Индикатори за сопственост на просторот за живеење** | |
|---|---|
| Сопственост на родители | 84.3% |
| Сопственот на членови на семејството | 2% |
| Сопствен простор | 5.9% |
| Изнајмен простор | 7.8% |
| | |

| **Индикатори за финансиската состојба** | |
|---|---|
| Лоша (приходи до 6000 денари) | 41.2% |
| Просечна (приходи од 6000 до 12 000 денари) | 23.5% |
| Добра (приходи од 12 000 до 30 000 денари) | 35.3% |

| **Индикатори за видови и приходи во семејството** | |
|---|---|
| Процент на вработени лица во редовен работен однос | 23.6% |
| Процент на невработени лица | 52.9% |
| Процент на лица – корисници на социјална помош | 23.5% |

| **Индикатори за подмирување на режиски трошоци** | |
|---|---|
| Редовно | 58.8% |
| Нередовно | 27.5% |
| Тешко | 2% |
| Никогаш | 11.8% |

| **Процент на индикатори кои се најпроблематични за подмирување** | |
|---|---|
| Електрична енергија | 98% |
| Вода | 0% |
| Комунални услуги | 2% |
| Интернет | 0% |

Во овие делови нема законска основа за изградба на водоводна и канализациска мрежа, од причина што не се внесени во ГУП. Дивите објекти, покрај тоа што не се евидентирани, не се приклучени ниту во мрежите на електрична енергија, водовод и канализација. Во однос на другите населени места, според податоците од општината и организациите, најголем дел имаат поднесено барања за легализацијаи имаат мали подобрувања на постигнување на подобри социо – економски услови.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## Заклучоци

–Состојбата со домувањето останува еден од најгорливите проблеми на ромското население.

–Условите во сегрегираните делови, како што се оние што на ул. Прилепска, имаат тенденција да бидат полоши од оние на ромските домаќинства во интегрираните делови.

- Ромите во општина Кичево имаат потешкотии во подмирувањето на режиските трошоци, особено за електрична енергија

–Жителите на ромската населба во општина Кичево често немаат лични документи за утврдување сопственост на нивните живеалишта и/или на земјиштето на кое се изградени, а напредокот во спроведувањето на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во голема мера варира меѓу домаќинствата.

–Ромите во општина Кичево во многу мал дел се корисници на проектот за социјални станови спроведен од страна на Министерството за транспорт и врски.

## Препораки

–Подготовка на закон за социјално домување. Ваква иницијатива веќе има во Министерството за труд и социјална политика за 2018 година.

–Да се „дегетоизираат“ ромските населби, односно да се инвестира во градба на станбени згради и пристап до социјални станови за Ромите надвор од населбата или во близина каде што има создадени услови за домување и пристап до квалитетен живот.

–Да се спроведе правилно нумерирање на куќите и адресирање на улиците, со што ќе се овозможи полесна идентификација на домот во пристапот до сите општествени, социјални и здравствени услуги.

–Да се постават јавни контејнери низ улиците на населбата, со приоритет на главните улици, со што ќе се овозможи подобра општа хигиена за жителите. Паралелно да се организираат еколошки акции во заедницата, во кои ќе се вклучува населението и ќе се едуцира за начинот на селектирање на отпадот.

–Да се овозможи пристап до канализациска мрежа на жителите кои живеат покрај каналот за атмосферска канализација на улица „Прилепска“, да се изврши теренска проверка за потенцијалните штетни влијанија на каналот врз околните домови и појавата на влага во нив и, следствено, да се санираат причинителите кои предизвикуваат штети врз домовите.

–Да се подготви општинска програма за помош и поддршка на ромското население во Кичево, особено за подмирување на сметките за електрична енергија

# Методологија на програма за одговорна социјална поддршка на Роми и други маргинализирани групи

## Содржина на програмата

Со оваапрограма се уредуваат административните работи и постапката за одработување на неплатени сметки за електрична енергија и комунални услуги на Роми и други маргинализирани групи од општина Кичево.

Програмата е специфично дизајнирана за да воведе нов пристап за пристап до правата и одговорности и на целните групи (ромската заедница) и на институциите одговорни за обезбедување на правата на заедницата. Тоа е пристап на кој ќе работи оваа програма преку воспоставување соработка помеѓу институциите и зголемување на нивните капацитети, пристап до различни фондови, вклучително и средства од странски донатори, но исто така и стимулирање на корпоративна општествена одговорност на локалните компании. Програмата е дизајнирана да поттикне промена на перспектива на гледање на ромската заедница како „бескорисни членови кои не прават какви било напори за нивно подобрување “, туку да почнат да ги гледаат како лица што кога ќе им се даде шанса може да даде многу поголеми успеси.

Преку развој на пилот програма за одговорна социјална поддршка, ќе се обезбеди одржлив модел на директна поддршка на ромските семејства, особено во поддршка за добивање комунални услуги (плаќање на заостанати сметки за електрична енергија и комубални услуги), а за возврат членовите на ромските семејства ќе спроведат општо корисна работа во јавни претпријатија.

Општина Кичево како општествено одговорна локална самоуправа, формираше социјален фонд преку кој ќе се поддржат овие семејства.

Се очекува и институциите и ромската заедница да ги преземат нивните одговорности и да се поддржуваат едни со други во обезбедувањето подобри услови за живот за заедницата

Главната група на оваа пилот програма се ромските семејства во Општина Кичево кои живеат на работ на сиромаштијата и немаат пристап до електрична енергија, чиста вода, домување и услови за живеење.

Пилот програмата се состои од чекори и услови за аплицирање на  загрозени семејства за социјална поддршка во смисла на плаќање на заостанатите сметки за електрична енергија и комунални услуги. Овие услуги ќе бидат дадени на

мотивирани ромски семејствакои се подготвени да работат неколку часа во јавните комунални претпријатија. Со ова се отвораат можности за вработување за некои од ромските семејства.

Дополнително, во програмата вклучени се и општинските работници со што ќе им обезбеди целосна  сопственост на програмата и волја за мотивација за продолжување во понатамошниот период.

Вклучени се и јавните претпријатија за комунални услуги кои ќе обезбедат работа за Ромите со потпишување на договорот и тие се главниот клуч за функционирање на програмата.

# Фази на програма за одговорна социјална поддршка на Роми и други маргинализирани групи

**Фаза 1**: Формирање на комисија за следење на процесот за одработување на долгови за електрична енергија и комунални услуги

Во првата фаза на пилот програмата се формира Комисија за следење на процесот за одработување на заостанати долгови за електрична енергија и комунални услуги. Комисијата е составена од 5 членови – претставник од општина Кичево, претставник од Центарот за социјална работа Кичево, претставник од НВО сектор од ромска организација, претставник од НВО сектор од Кичево и правник.

Комисија за следење на процесот за одработување на заостанати долгови за електрична енергија и комунални услуги ќе соработуваат и ќе ги даваат потребните информации за лицата спрема кои се извршуваат процесите за одработување на долговите, без надоместок.

Комисија за следење на процесот за одработување на заостанати долгови за електрична енергија и комунални услуги  ќе биде надлежна да го организира, спроведува и да врши надзор над извршувањето на одработување на долговите.

**Фаза 2**: Објавување на јавен повик за доставување на документи за одработување на заостанати долгови за електрична енергија и комунални услуги

По формирањето на Комисијата, се подготвува Јавен повик  за доставување на документи за одработување  на заостанати долгови за електрична енергија и комунални услуги.

Во повикот ќе бидат наведени сите услови и критериуми според кои ќе се водат Комисија за следење на процесот за одработување на заостанати долгови и сите други заинтересирани лица.

(Анекс 2)

**Фаза 3**: Донесување на конечна одлука за вклучување на лица за одработување на долгови за електрична енергија и комунални улсуги

Комисија за следење на процесот за одработување на заостанати долгови за електрична енергија и комунални услуги во рок од 10 дена има обврска да се состане и да ги отвори поднесените пријави. Комисијата ќе се води според претходно изработен Правилник за одлучување. Правилникот за одлучување е во согласност со правилниците од Центарот за социјална работа Кичево, за остварување на гарантирана минимална помош. Согласно Правилникот за одлучување ќе биде одредена листата на лицата кои ќе добијаат можност за одработување на долговите за електрична енергија и комунални услуги. Одлуката ќе биде донесена согласно примањата од Центарот за социјална работа Кичево, доставена целосна документација и по пат на гласање на членовите на Комисијата.

На јавниот повик ќе бидат избирани 60 лица кои ги исполниле условите наведени во Анекс 2.

Лицата кои нема да бидат избрани, може да се инфомираат директно кај одговорното лице во општина Кичево и да имаат увид во целосната постапка.

**Фаза 4**: Индивидуална програма за секое лице за одработување на долгови за електрична енергија и комунални услуги

Релевантното и одговорно лице од општина Кичево ќе изготви Индивидуална програма за секое лице кое ќе биде дел до процесот на одработување на долгови. Индивидуалната програма за одработување се изготвува на основа на извршена процена на личноста, личните прилики, здравствената состојба, стручните квалификации, процената на ризик и потреби на лицата кои ќе ги одработуваат нивните долгови. Индивидуалната програма за третман се изготвува во соработка со лицето кое поднесло документи за одработување на долговите. Индивидуалната програма за третман се состои од методи, постапки и рокови за нејзино спроведување, носителите на одделни активности и други податоци и од значење за извршувањето на алтернативните мерки и посебните обврски. Лицата кои поднесле целосна документација и биле одбрани за одработување на долговите се запознаваат со содржината на Индивидуалната програма како и со последиците од неизвршување на обврските, по што, со своерачен потпис е обврзан да ги исполни утврдените постапки и мерки.

**Фаза 5**: Поврзување на лицата со јавните претпријатија и приватни фирми за одработување на долговите за електрична енергија и комунални услуги

Одработувањето на долговите се извршува во државни органи, јавни претпријатија, установи, единици на локална самоуправа, хуманитарни организации и во други субјектикои вршат дејност во која може да се оствари целта на извршувањето на општокорисната работа. Изборот на правниот субјект кај кој што лицето ќе го извршува одработувањето на долговите го врши Комисијата за следење на процесот за одработување на долговите. Комисијата ќе се води по претходно добиени податоци за способностите, стручните квалификации и здравствената состојба на лицето.

За извршување на одработување на долговите, лицата кои ќе одработуваат ќе склучат договор за одработување на долговите со правните субјекти. Лицето со своерачен потпис на договорот дава согласност за извршување на работа за одработување на долговите

Во Договорот ќе биде наведено времето во кое ќе се врши работата, работните задачи кои лицето ќе ги врши, начинот на извршување на работата како и правата и обврските на правниот субјект и лицето.

При извршување на одработување на долговите за електрична енергија и комунални услуги лицата немаат право на надоместок, туку правниот субјект ќе го изврши плаќањето во социјалниот фонд во општина Кичево, по што со добивање на согласност за одработена работа, општината ќе ги исплати неплатените сметки на лицето, директно во ЕВН или во Комуналното претпријатие во Кичево.

При извршување на одработување на долговите на лицето треба да му бидат обезбедени соодветни услови за работа, почитување на работното време, одмор во текот на работата, дневен и неделен одмор, како и заштита при работа во согласност со општите прописи за заштита при работа. Лицето кое одработува долгови за време на извршувањето на работатаможе се осигурува во случај на повреда при работа. Лицето може да поднесе молба со соодветни докази привремено да му се прекине извршувањето на општокорисната работа во случај на: - акутна болест; - ненадејна тешка болест или смрт на член на потесното семејство, согласно со одредбите со кои се регулираат прашањата од областа на семејното право; - бременост или родителство до навршување една година старост на детето и - извршување на итни работи предизвикани од елементарни непогоди со што би се спречило настанување на значителна материјална штета.

Ако лицето не ги исполнува или грубо ги занемарува своите работни обврски, правниот субјект е должен најдоцна во рок од три дена од дознавањето за неисполнувањето на обврските или грубото занемарување на работните обврски, да ја извести Комисијата за следење на процесот на одработување на долговите.

Раководителот на секторот каде што лицето ќе одработува најпрвин треба усно да го предупреди лицето за неизвршување на неговите одговорности и задачи. Доколку лицето продолжи со таквото однесување, раководителот писмено ја известува Комисијата за следење на процесот со што тоа лице ќе биде изземено од програмата.

По завршување на процесот за одработување на долговите, предвиден согласно склучениот договор, раководителот на секторот/директорот на правниот субјект издава писмено известување до Комисијата дека лицето ги одработило деновите и задачите наведени во договорот.

**Фаза 6**: Исплата на долговите

По поднесувањето на писменото известување од одговорното лице од правниот субјект, Комисијата за следење на процесот за одработување на долгови за електрична енергија и комунални услуги ќе се состане и ќе ги разгледа добиените известувања. По нивното одобрување, истите ќе бидат испратени до Градоначалникот на општина Кичево, по што ќе се премине кон исплата.

Исплатата на заостанатиот долг за електрична енергија или комунални услуги, во максимален износ од 5000 денари, ќе биде процесуиран за исплаќање. Исплатата ќе се врши директно во ЕВН или Комуналното претпријатие во Кичево.

Правниот субјект кај кој што се се врши одработувањето на долговите за електрична енергија или комунални услуги, одработената сума од лицето ќе ја префрли во веќе формираниот социјален фонд на општината.

Со ова ќе се овозможи циркуларен процес на отплата на долговите на Роми и други маргинализирани групи преку социјален фонд кој што ќе биде надополнуван од правните субјекти кои ќе бидат дел од оваа пилот програма.

(Анекс 1)

# ПРАШАЛНИК

## УСЛОВИТЕ ЗА ДОМУВАЊЕ ВО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

### ( за утврдување на основните состојби во домувањето кај ромската заедница)

**Општи податоци на анкетираните**

**1. Возраст** **2.Пол**

------------------------------------- **М** **Ж**

**3. Национална припадност** **4. Место во кое живеете**

___________________________ ___________________________

**5. Кој е Вашиот статус**

**а**. Ученик **б**. Студент **в**. Невработено лице

**г**. Корисник на социјална помош **д**. Вработен **ѓ**. Пензионер

**6. Степен на образование**

**а**) Без образование **б**)Незавршено образование (основно) **в**)Основно образование

**г**)Средно училиште **д**)Високо образование **ѓ**)М-р или Д-р **е**) Друго ______

**Прашалник**

**Дом**

1. **Колку членови има вашето семејство ______**
   Број на машки_______ Број на женски_______
2. **Состав на домаќинства**

**а**) Деца и родители**б**)Домаќинство/проширено семејство**в**) Повеќе семејства заедно **г** )Самохран родител

**3.Возраст на членови во домаќинството**

**а**) до 15 год.__ **б**)15 до 30 год.__ **в)** 31 до 45 год. ___ **г**) 46 до 65 год. ___ **д**)Повеќе од 65 год. ____

**4. Колку лица се вработени и со каков статус?**

**а)** редовен работен однос ______ **б)**повремено работат _______ **в)** не се вработени _________

5. **Каква е финансиската состојба на семејството?**

**а**) Лоша **б**)Просечна **в**)Добра **г**)Одлична **д**)____________________

**6. Висина на месечни приходи на домаќинството?**

**а**) до 3 000 денари **б**) 3 000 до 6 000 денари **в**) 6 000 до 12.000 денари

**г**) 12.000 до 15.000 денари **д**) 15.000 до 30.000 денари **ѓ**) над 30.000 денари
е)___________

7. **Вид на приходи во семејството**(може да заокружете повеќе одговори)

**а**) Социјална помош **б**)Помош од роднини и пријатели **в**)Плата приватен сектор **г**)Плата јавен сектор **д**)Пензија **ѓ**) Дневници **е**) Сопствен легален бизнис **ж)** Занаетчиство **з**)Земјоделие
**ж**)_________________

**8.Сопственост на простор за живеење**(заокружете по еден одговор во секој ред)

**а**)Сопственост на родители **б**)Сопственост на членови на семејство **в**)Сопствен **г**)Изнајмен **д**)______

**а**) Сопственикот е маж **б**) Сопственикот е жена

**9.Вид на живеалиште**

**а**)Куќа **б**)Стан **в**)Барака **г**)Привремено живеалиште **д**)________________

**10.Големина на живеалиштето**

**а**) 0-40 $м^2$ **б**)41-60 $м^2$ **в**)61-100 $м^2$ **г**)101-150 $м^2$ **д**)Над 150 $м^2$ **ѓ**)_____________

**Број на простории за живеење:**

**а**) една просторија **б**) две простории **в**) три простории **г**) четири простории **д**) повеќе од четири

**13. Дали во локалната средина има канализација?** (може да заокружете повеќе одговори)

**а)** има **б)** има, ама не секаде **в)** има, ама не ги задоволува потребите

**г)** тоа се диви приклучоци **д)** нема **ѓ)**________________________

**14.Дали во вашиот дом има канализациона мрежа?**

**а)** има **б**)има, ама само во тоалетот во дворот **в**)нема **г**)________________

**15. Дали во локалната средина има водовод?** (може да заокружете повеќе одговори)

**а)** има **б)** има, ама не секаде **в)** има, ама не ги задоволува потребите

**г)** тоа се диви приклучоци **д)**има само на улични чешми **ѓ**)нема
**е)**___________________

**16.Дали во вашиот дом има водоводна мрежа?**

**а)** има **б**) само во дворот **в**)само во кујната **г**)само во тоалетот **д**)нема **ѓ**)______________

**Доколку нема водоводна мрежа кој е вашиот извор за вода во домаќинството?**

**а**) бунар **б**) месна чешма **в**) ______________________________

**Ако сте приклучени на јавната водоводна мрежа дали имате редовно вода за пиење?**

**а**) да **б**) не **в**) често има прекини **г**) најчесто во лето има прекини **д**)___________________

